29.06.2022

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено: 29.06.2022
Един. орг. | Број | Прилог | Вредност
УП1 | 03 | 156 | |

Архивски знак:________
Рок на чување:________год.
________20____год.
Потпис

( Образец ПП……)

До Министерство за култура, Скопје РСМ
(имател на информацијата)

03/1

## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Кои се причините за неисплаќање на останатиот дел од одобрените парични средства (100.000,00 денари) на друштвото за филмска и видео продукција Кинофилм ДООЕЛ Скопје, за изведба на проектот „Видео/музичко сценски перформанс "Улица"" ?
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- (б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго-------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- (а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго-------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: ---------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
-------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје

Датум 28.06.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-156
11.07 2022 год.

Архивски знак
Рок на чување

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на УП1 бр. 03-156 од 29.06.2022 година, министерот за култура го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на , УП1 бр. 03-156 од 29.06.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

Кои се причините за неисплаќање на останатиот дел од одобрените парични средства (120.000,00 денари ) на Друштвото за филмска и видео продукција **КИНОФИЛМ ДООЕЛ** Скопје за изведба на проектот **„Видео/музичко – сценски перформанс УЛИЦА“.**

Министерството за култура на адреса ул.Иво Лола Рибар бр.57/1-6 – Скопје, ја дава следната информација:

Во врска со проектот „Видео/музичко – сценски перформанс УЛИЦА “ на Друштвото за филмска и видео продукција КИНОФИЛМ ДООЕЛ Скопје, известуваме дека Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во Министерството за култура во неколку наврати по електронски пат го има известено Друштвото за филмска и видео продукција КИНОФИЛМ ДООЕЛ Скопје дека нема постапено по обврската од склучениот договор за доставување на финансиски и наративен извештај со дополнителна документација како доказ дека проектот е реализиран (до денешен ден такви извештаи не се доставени а причината за нивното недоставување за нас е непозната).

Согласно напред наведеното, предметот е даден на инспекциски надзор (во прилог доставуваме допис до Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура бр. 21-6000/1 од 29.04.2022 година) од причина што се сомневавме во неговата реализација. Во меѓувреме до Министерството за култура пристигнат е допис од Адвокатот Ѓорѓи Мешков за пренамена на ставки за кое апсолутно не постои основа на кој што допис Министерството за култура содветно одговори (во прилог доставуваме допис од Министерството за култура до Адвокатот Ѓорѓи Мешков бр.22-7325/3 од 01.07.2022 година). Понатаму, во прилог на ова решение доставуваме и записник од Секторот за управен и инспекциски надзор Ип1 бр.57-53 од 21.06.2022 година за извршен инспекциски надзор во кој е утврдено ненаменско трошење на дел од средствата за што инспекторот ќе превземе понатамошни мерки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-156 од 29.06.2022 година, со кое ја побара следната информација да му биде доставена со допис, упатен со препорачана пратка:

Кои се причините за неисплаќање на останатитот дел од одобрените парични средства (120.000,00 денари ) на Друштвото за филмска и видео продукција КИНОФИЛМ ДООЕЛ Скопје за изведба на проектот **„Видео/музичко – сценски перформанс УЛИЦА.**

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како диспозитивот на ова Решение и на Барателот на **информацијата му ја даде** бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-156.

**МИНИСТЕР**

**Бисера Костадиновска - Стојчевска**

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Verilut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**ЗАПИСНИК**
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-53**
**Датум: 21.06.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за филмска и видео продукција „КИНОФИЛМ" ДООЕЛ, Скопје (во натамошниот текст: Друштво) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „20-ти Октомври" бр. 27/1-9, Општина Центар, Скопје |
| Адреса за е-пошта | kinofilm.mkd@gmail.com |
| Телефон | 070 427 075 |
| Матичен број на субјектот | 7408390 |
| Даночен број на субјектот | 4080020587774 |
| Број на жиро сметка | 300000004656521 |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД Скопје |

Одговорно лице во субјектот на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Филип Херин, управител и сопственик на Друштвото | 070 427 075 | philipherin@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.06.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 14.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 20.06.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.45 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Налог од раководителот на СУИН на МК, ИП 1 бр. 57-56 од 06.06.2022 г., а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 21-6000/1 од 29.04.2022 година. Надзорот е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец јуни бр. 57-49/7 од 03.06.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Маја Митревска, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **280.000 денари (од вкупно доделените 400.000 денари за надомест за користење на авторски права за стрип, продуцент, сценарио, сценограф/3д мапинг, костимограф и видео анимација)**, согласно со Договорот бр. 21-8726/1 од 05.07.2021 г., за учество во финасирање проектот од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарна дејност за 2019 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беше присутно одговорното лице во субјектот на надзорот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| / | / | / |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беше присутен адвокат Ѓорѓи Мешков, во својство на полномошник, според Полномошно од 14.06.2022

година. Според неговата изјава, одговорното лице во Дрштвото, Филип Херин, работи надвор од државата, поради што не е во можност да присуствува при инспекцискиот надзор.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 21-2926 од 23.11.2020 г. на Годишниот конкурс за финансирање за проектот „Видео/музичко-сценски перформанс - Улица" во 2021 година, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 21-2926/2020 од 23.02.2020 г., прифатен е Проектот на Друштвото, а за финансирање на проектот одобрени се средства во износ од 400.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-8726/1 од 11.04.2019 г., за учество во финансирање на Проектот „Видео/музичко-сценски перформанс - Улица" од национален интерс во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2021 година, со средства во износ од 400.000 денари, наменети за надомест за користење на авторски права на стрип, продуцент, сценарио, сценограф/3д мапинг, костимограф и видео анимација.

На 02.07.2021 година, одговорното лице во Друштвото доставило Барање за исплата на 70% од одобрените финансиски средства, заведено во МК под бр. 20-8757/1, со предвидена динамика и намена за трошење како и изјава дека наменски ќе ги користи преведените средства согласно со член 3 став (1) алинеја 1 од Договорот. Исто така, доставен е и оперативен и финасиски план за користење на буџетските средства за реализација на Проектот, на соодветен образец, а којшто е составен дел од Договорот со МК, согласно со член 1 став (2). Додека, согласно со член 3 став (1) алинеја 2 од страна на Друштвото доставен е доказ, односно изјава од одговорното лице дека за реализација на овој Проект се обезбедени и средства од други извори на финасирање во износ од 108.000 денари.

Исто така, согласно со член 5 став (12) од Договорот, од страна на Друштвото, отворена е посебна наменска жиро-сметка, преку која ќе се реализираат сите трансакции поврзани со релизацијата на Проектот, за што од страна на


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

одговорното лице во Друштвото е дадена и соодветна Изјава заведена под бр. Р105/2021 од 02.07.2021 година.

Притоа, во доставениот Оперативен и финансиски план е наведено дека проектот ќе биде реализиран во период од 01.04.2021 г., до 10.11.2019 г., а дека одобрените средства за Проектот од вкупен износ од 400.000 денари, ќе бидат потрошени за намените утврдени со Договорот, по склучени авторски договори и тоа:

-надомест за користење на авторски права за стрип во износ од 65.000 денари, по Договор бр. А109-2021 од 03.08.2021 г., склучен со лицето Матеј Богдановски;

-надомест за сценарио во износ од 50.000 денари, по Договор бр. А108-2021 од 03.08.2021 г., склучен со лицето Матеј Богдановски и Договор бр. А107-2021 од 03.08.2021 г., склучен со одговрното лице Филип Херин;

-надомест за продуцент во износ од 65.000 денари, по Договор бр. А106-2021 од 03.08.2021 г., склучен со одговрното лице Филип Херин;

-надомест за сценографија/3д мапинг во износ од 80.000 денари, по Договор бр. А105-2021 од 20.08.2021 г., склучен со лицето Никола Стрезовски;

-надомест костимограф во износ од 60.000 денари, по Договор бр. А102-2021 од 10.08.2021 г., склучен со лицето Нита Муча;

-надомест за изработка на видео анимации во износ од 80.000 денари, по Договор бр. А101-2021 од 10.08.2021 г., склучен со лицето Зоран Чаневски;

Врз основа на Решение за преведување на средства на раководителот на Сектор дејности од областа на културата бр. 21-8726/2 од 28.10.2021 г., МК на наменската жиро сметка на Друштвото, превело средства од Буџетот на РСМ, во износ од 280.000 денари, како аванс за реализација на проектот.

- До надлежниот Сектор во МК, не е доставен образец за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, што е обврска од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (4) од Договорот со МК, ниту пак друга пропратна документација во прилог (фото и видео од изработен перформанс, емитувања, испечатени објави и сл.) како доказ дека проектот е реализиран.

Од тие причини Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, на 22.02.2022 г., по електорнски пат го има известено Друштвото дека нема постапено по обврската за доставување на наративен и финасиски Извештај со

дополнителна документација за начинот на трошење на преведените средства како и друг соодветен материјал како доказ дека Проектот е реализиран. На 12 Април 2022 година од страна на надлежниот Сектор во МК, Друштвото е повторно известено дека бараниот Извештај не е доставен во рокот одреден од страна на адвокатот кој што на 08.03.2022 г., по електронски пат го известил МК дека во рок од една недела од комуникацијата, предметниот извештај ќе биде доставен на увид до службите во МК, се со цел МК да постапи согласно со обврската од Договорот и да го преведе и преостанатиот износ на средства во износ од 120.000 наменети за реализација на Проектот.

- При вонредниот инспекциски надзор, од страна на полномошникот, адвокат Ѓорѓи Мешков, на увид е презентиран Плакат со објава за одржување на Музичкиот и сценски перформанс „Улица“ на сцената на НУ- Национална Опера и Балет на ден 20.12.2021 г., во 20 часот, потоа примерок од билетот за настанот, издаден од mktickets.mk, како и снимка од перформансот „Улица“ вграден на уред „адаптер за микро СД картичка“.

Во телефонски разговор со Раководителот на Сектор за маркетинг во НУ-НОБ, потврдено е одржувањето на овој настан на наведениот датум на сцената на НОБ при што на увид е презентиран Договор склучен помеѓу Друштвото и Установата, за користење на големата сцена на НОБ на ден 20.12.2021 година, за износ од 500 евра во денарска противвредност. За истото од Установата издадена е фактура бр. 39/21 од 15.12.2021 г., на износ од 36.399 денари во бруто износ за кој што е утврдено дека е платен од Друштвото според Банковен извод бр. 51 од 17.12.2021 г., презентиран од Установата.

Но, од страна на адвокатот не беше презентирана соодветна документација како што се банковни изводи од наменската сметка на Друштвото (отворена исклучиво за трансакции поврзани со овој Проект), како доказ дека се намирени обврските кон учесниците во Проектот, односно за платени надоместоци за користење на авторски права за стрип и дел од сценарио на лицето Матеј Богдановски, надоместок за 3д мапинг на лицето Никола Стрезовски, за костимографија на лицето Нита Муча и за видео анимации на лицето Зоран Чаневски. При надзорот, полномошникот изјави дека за вршење на сметководствени услуги, Друштвото има ангажирано нов сметководител и дека поради отсуство на неговиот клиент неможе да даде податоци за извршени трансакции, од причина што нема полномошно за увид во банкарските сметки на Друштвото.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Воедно, во текот на инспекцискиот надзор на 17.06.2022 г., полномошникот презентираше Известување заведено во писарницата на МК под број 22-7325 од истиот датум, доставено до Секторот за дејности од областа на културата и уметноста, со Барање за измена на Договор. Имено, според наведеното во Дописот, неисплаќањето на хонорарите на дел од горенаведените автори се должи на неисполнување на обврските од склучените Договори поврзани со реализација на Проектот, поради што од МК се бара да се склучи Анекс на Договорот за пренамена на средствата кон други автори.

Исто така, во текот на инспекцискиот надзор, изјави заверени кај Нотар приложија учесниците во проектот Матеј Богдановски, Зоран Чаневски и Нита Муча. Според изјавите, за учество во Проектот – Музичко/сценски перформанс „Улица", од страна на Друштвото, не им се исплатени хонорарите за авторски права за стрип и дел од сценарио, костимографија и видео анимација, а за кои што со Друштвото имаат склучено соодветни договори.

Со лицето Никола Стрезовски, на кое што Друштвото имало обврска да му исплати хонорар за 3д мапинг согласно со склучен договор во износ од 56.000 денари, инспекторот не успеа да стапи во контакт и да обезбеди изјава заверена кај нотар.

Додека пак, за хонорарот за дел од сценарио и продукција во износ од 66.500 денари, а за којшто Друштвото склучило Договор со своето одговорното лице и сопственик Филип Херин, не е доставен доказ дека е исплатен од наменската жиро-сметка на Друштвото на трансакциската сметка на управителот како ни доказ за платен персонален данок, а со оглед дека е предвиден како трошок со оперативниот и финасиски план кој што е составен дел од Договорот.

- Оттука, при надзорот е утврдено дека **Проектот - Музичко/сценски перформанс „Улица", од национален интерс во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2021 година, е реализиран**, но имајќи предвид дека не се намирени обврските кон учесниците во Проектот, од вкупно преведените средства во износ од **280.000 денари, 157.500 денари се потрошени ненаменски** што е спротивно на член 68 ставови (1) и (2) од Законот за културата како и на Оперативниот и финансиски план кој што е составен дел од Договорот со МК. Не е утврдено трошењето на средствата во износ од **56.000 денари** наменети за 3д мапинг од учесникот Никола Стрезовски од кој не е обезбедена соодветна изјава заверена кај нотар и на **66.500 денари** наменети за хонорар за дел од сценарио и продукција за одговорното лице и сопственик Филип Херин за кои не е доставен

доказ дека се исплатени од наменската жиро-сметка на Друштвото на трансакциската сметка на управителот.

Исто така, до надлежниот Сектор во МК е доставен содветен образец за наративен и финасиски извештај за реализација на Проектот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, со спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање како и друга пропратна документација како доказ дека проектот е реализиран, а што е спротивно на член 68 став (3) од ЗК.

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, констатирана се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе биде преземена соодветна мерка:

-Преведените средства во износ од 157.500 денари, се потрошени ненаменски, спротивно со наведеното во Оперативниот и финансиски план кој што е составен дел од Договорот со МК, односно не се исплатени хонорари за автор на стрип и дел од сценарио, костимографија и видео анимација, што не е во согласност со член 68 ставови (1) и (2) од ЗК. Додека, за средствата во износ од 56.000 денари наменети за 3д мапинг од учесникот Никола Стрезовски не е обезбедена соодветна изјава заверена кај нотар, а за 66.500 денари наменети за хонорар за дел од сценарио и продукција за одговорното лице и сопственик Филип Херин не е доставен доказ за исплата на овие средства од наменската жиро-сметка на Друштвото на трансакциската сметка на управителот.
-Не е доставен образец за наративен и финасиски извештај за реализација на Проектот со соодветна документација во прилог за начинот на трошењето на преведените средства во рок еден месец сметано од денот на реализацијата на Проектот, што е спротивно на член 68 став (3) од ЗК.

За утврдените неправилности од аспект на примена на 68 од Законот за културата, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка:
-ќе биде предложена постапка за порамнување врз основа на член 91-в од ЗК и член 45 став (1) и член 46 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр. 96/19) со издавање на прекршочен платен налог за правното лице и за одговорното лице во правното лице за сторен прекршок по член 68 од ЗК, а што е казниво по член 91-а став (1) алинеја 5 и став (2) од истиот член, пред да

**биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот и овластено лице на субјектот на надзор: Ѓорѓи Мешков, адвокат | АДВОКАТ ЃОРЃИ МЕШКОВ Скопје Бр. на псл. 1678 | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | 21.06.2022 г. | Датум: | 21.06.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за дејности од областа на културата и уметноста

Sektori i veprimtarisë nga fusha e kulturës dhe e artit

Бр. 22 - 7325/3
Датум 01.07.2022

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис, ______

До:
Адвокат Ѓорѓи Мешков

Предмет: Доставување на Одговор со Опомена

Почитуван г-н Мешков,

Во врска со Вашето известување со барање за измена на договор бр. 22-7325/1 од 17.06.2022 год., за проектот „Видео/музичко сценски перформанс УЛИЦА" на корисникот Друштво за филмска и видео продукција КИНО Филм Дооел, Скопје со склучен договор бр. 21-8726/1 од 05.07.2021 година со износ од 400.000 денари, за кој е направена авансна исплата од 280.000 денари, Ве известуваме за следново:

Во согласност со член 9, став (1) и став (2) од на Договорот 21-8726/1 од 05.07.2021, корисникот во рок од еден месец, сметано од денот на завршување проектот е должен до Министерството да достави извештај за реализација проектот кој содржи наративен приказ за реализацијата на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства за реализација на проектот, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање. Доколку корисникот не го достави извештајот, Министерството ќе го раскине договорот и ќе бара враќање на веќе исплатените средства.

Согласно член 12, став (1) од Договорт, измените во договорните обврски, корисникот може да ги побара најдоцна во рок од 30 дена пред истекот на рокот за реализација на проектот и согласно став (3), корисникот не може да бара измена договор, продолжување на рокот за реализација на проектот, или пренамена одделни намени на средствата по рокот утврден во членот 5 став (1) од овој договор ко гласи :„Корисникот е должен да го реализира проектот од член 1 став (1) од овој договор заклучно со 20.11.2021 година. По исклучок, доколку постојат објективни причини, корисникот може по претходна писмена согласност на Министерството, проектот да го реализира заклучно со 31.12.2021 година".

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за дејности од областа на културата и уметноста

Sektori i veprimtarisë nga fusha e kulturës dhe e artit

Бр. 21 – 6000/1
Датум 29. 04. 2022

До:
Сектор за управен инспекциски надзор

Предмет: Доставување на документација

Почитувани,

Во врска со Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за културата за 2021 година, ви го доставуваме во ваша понатамошна надлежност предметот за корисникот Друштво за филмска и видео продукција КИНО Филм Дооел, Скопје за проектот „Видео/музичкосценски перформанс УЛИЦА" со склучен договор бр. 21-8726/1 од 05.07.2021 година со износ од 400.000 денари, за кој е направена авансна исплата од 280.000 денари. Со оглед на тоа дека временскиот рок за доставување на наративниот и финансиски извештај беше надминат, корисникот повеќе пати беше известен дека треба да достави извештај за реализација на проектот, бидејќи во спротивно Министерството за култура ќе постапи по член 9 (став 2) од Договорот. Корисникот сеуште нема доставено финансиски и наративен извештај с[illegible] доказната документација дека проектот е реализиран.

Ве молиме да извршите надзор.

Со почит,

Раководител на сектор

Маја Сопрак

Подготвил: Александра Север, советник
Александар Димоски, помлад сораб.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3240 643
www.kultura.gov.mk